**О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**30-ти јуни 2021 година, Гевгелија    Број 7    Година XXXX**

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.g

Врз основа на член 46 став (1) алинеа 1, став (2) алинеа (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.06.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија**

1.На Лазар Мешков, член на Советот на Општина Гевгелија, му престанува мандатот на член на Советот на Општина Гевгелија, поради поднесување на оставка, сметајќи од денот на одржувањето на седницата.

2.Примерок од Решението за констатирање престанок на мандатот да се достави до членот на Советот и до Општинската изборна комисија од Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-1040/1
29.06.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---------------------------------------

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.06.2021 година, разгледувајќи го Предлог-Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати, го донесе следново

# РЕШЕНИЕ

**За верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија**

1.Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Гевгелија, **Димитар Јанев од с.Моин - Гевгелија**, од листата на кандидати на коалицијата предводена од Социјал-демократски сојуз на Македонија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1041/1
29.06.2021 год..
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08, 103/08, 15/09, 95/10, 180/11 и 171/12 год.), и член 38 став (1) точка 4 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.06.2021 год., донесе

# ОДЛУКА
## за пренамена
## на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година, кој е објавен во "Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.16/2020 и 5/2021 год., во делот на буџетот на основниот буџет и пренамена во делот на буџетот на блок дотации, на следниот начин:

**Потпрограма и назив на потпрограмата**
**Потставка и опис на потставката Буџет Самофинанс. Дотации Донации Кредити**
**1.-Се зголемуваат расходните потставки во следните потпрограми на основниот буџет-630**
**-Г-10-ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**
464990-Други трансфери 3.000.000

**-Ј30-ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**
423990-Други материјали 1.000.000

**и се намалува следната потпрограма со следната расходна потставка во основниот буџет -630**

**-ЈД0-ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**
482130-Реконструкција на улици, патишта и автопати -4.000.000

**2.Се зголемува расходната потставка во следната потпрограма на буџетот на блок-дотации-930**

**-Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
480140-Купување на информатичка и видео опрема 300.000

**и се намалува следната потпрограма со следната расходна потставка во буџет-блок дотации-930**

**-Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
**421110-Електрична енергија -300.000**

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија", и е составен дел на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година.

Бр.09-1042/1
29.06.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

----------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 4 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 И 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.06.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев" - Гевгелија по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 година) за сметка 7150108087 903 13**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 година) за сметка 7150108087 903 13, усвоени и предложени од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-4/22 од 24.06.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1043/1
29.06.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 4 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 И 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.06.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на измените и дополнувањата на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 год.) за сметка 7150108079 903 10**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 год.) за сметка 7150108079 903 10, усвоени и предложени од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-274/3 од 28.06.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1044/1
29.06.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

--------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 4 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.06.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на измените и дополнувањата на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"- Миравци по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 година за сметка 715010809590316**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"- Миравци по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 година) за сметка 715010809590316, усвоени и предложени од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-179/1 од 16.06.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1045/1
29.06.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

----------------------------------

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр.05/02 год.) и член 38 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија бр. 25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со Одлуката за аплицирање и имплементација на проектот **„Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси“** (Sustainable management of cross-border water resources) со акроним "AQUA-M II"**,** за промоција на прекуграничната соработка помеѓу Р. Северна Македонија - Р. Грција со број**: 09-995/1 од 19.04.2016 година,** Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.06.2021 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

За позајмица на средства од Општинскиот буџет за реализација на Проектот
**„Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси“,**
**реф. бр. AQUA-M II-CN1-SO2.3-SC021**

**Член 1**

Заради потребата од реализација на финалните активности на проектот **„Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси“**, Советот на Општина Гевгелија одобрува на проектот **„Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси“,** позајмица од **90.000,00 евра, пресметано во денари по среден дневен курс на Народна банка.**

Позајмицата ќе се изврши од сметката на Буџетот на Општина Гевгелија на наменската сметка на Проектот, финансиран од ЕУ преку Програмата за прекугранична соработка, Интеррег - Инструмент за предпристапна помош (ИПА) Република Грција – Република Северна Македонија, референтен AQUA-M II-CN1-SO2.3-SC021, а согласно Договорот за финансиска помош од 02.04.2018 година, во кој Општина Гевгелија е лидер партнер.

**Член 2**

Висината на финансиските средства во износ од 90.000,00 евра наведени во член 1 од оваа Одлука по позитивната ревизија на трошоците ќе бидат вратени на сметката на Буџетот на Општина Гевгелија.

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила од денот на нејзино донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1046/1 Претседател
29.06.2021 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов, с.р.**

------------------------

Врз основа на член 131 став (2) точка 3 од Законот за водите ("Службен весник на РМ" бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 год.), и член 50 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.06.2021 година, донесе

# ОДЛУКА

## за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек, река РАУЉ, низ Блок 10.5 на град Гевгелија, општина Гевгелија, опфатен со Урбанистички план за измена и дополнување на ДУП за дел од Блок 10.5 на град Гевгелија, општина Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се определува ширината на крајбрежниот појас на водотекот на:

- Регулиран водотек - река РАУЉ, низ Блок 10.5 на Град Гевгелија, Општина Гевгелија, од стационажа Т1-0+000,00, до Т2-0+345, 85, дефинирана со координати од Т1 (**x-4556995.6879; y-7626648.3004**); до Т2 **x-4557087.3127; y-7626981.6949,** во должина од **345.85м.**

### Член 2

- Ширината на крајбрежниот појас на регулиран водотек, река РАУЉ, низ Блок 10.5 на град Гевгелија, Општина Гевгелија, опфатен со Урбанистички план за измена и дополнување на ДУП за дел од Блок 10.5 на Град Гевгелија, Општина Гевгелија, од крајната линија на регулацијата на речното корито ќе изнесува најмалку 3 метри.

### Член 3

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот прилог Прегледна ситуација во размер 1:2500 и геодетски координати за опфатот.

### Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1047/1
29.06.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 32 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.06.2021 год., донесе

# ОДЛУКА

**За давање на користење и одржување на Градскиот стадион - Фудбалското игралиште во Гевгелија на ФК "КОЖУФ"-Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува давањето на користење и одржување на Градскиот стадион-фудбалското игралиште во Гевгелија на ФК "Кожуф"-Гевгелија (во натамошниот текст: Градскиот стадион), начинот и рокот на користење, како и други прашања во врска со функционирањето на стадионот.

**Член 2**

Градскиот стадион - фудбалското игралиште со придружните објекти (два објекта за административни просториии и за соблекувални) потребни за функционирање на стадионот, сопственост на Општина Гевгелија, е комунален објект за вршење дејност од јавен интерес за општината.

**Член 3**

Градскиот стадион се дава на користење и одржување на ФК "Кожуф" - Гевгелија **за период од 7 (седум) години** без надоместок, со можност за продолжување.

ФК"Кожуф" - Гевгелија е должен при користењето на стадионот да постапува согласно законските прописи од областа на спортот.

Во одржувањето на стадионот ФК "Кожуф" - Гевгелија редовно да ги надоместува трошоците за користењето на комуналните услуги (струја, вода и други услуги).

За предавањето на Градскиот стадион, придружните објекти и опремата во истите ќе се состави записник.

**Член 4**

ФК "Кожуф"-Гевгелија не може стадионот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

**Член 5**

Правата и обврските во врска со користењето и одржувањето на стадионот ќе се регулираат со договор.

Договорот од претходниот став ќе се раскине и пред истекот на рокот, покрај во случаите што ќе бидат утврдени со договорот, иако општината има потреба од реализирање на одредена урбанистичка планска документација.

Се овластува Градоначалникот на општината да го склучи и потпише договорот во име на општината со ФК "Кожуф"- Гевгелија.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на ОпштинаГевгелија".

Бр.09-1048/1
29.06.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

--------------------------------

Врз основа на член 38 став (1) точка 42 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 2 став (2) од Одлуката за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.06/21год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 29.06.2021 година, го донесе следново

# РЕШЕНИЕ

## за именување три члена од редот на членовите на Советот на Општина Гевгелија во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија

**Член 1**

Во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија се именуваат три члена од редот на членовите на Советот на Општина Гевгелија, и тоа:

**-Елизабета Јаневска,**
**-Трајко Арџанлиев, и**
**-Томе Кичуков.**

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1049/1
29.06.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---------------------

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија (″Службен весник на РМ″ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.06.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Финансискиот извештај на Јавното претпријатие за комунални дејности ″Комуналец″- Гевгелија за периодот 01.01.2021г. – 31.03.2021 година**

1.**Се дава согласност** на Финансискиот извештај на Јавното претпријатие за комунални дејности ″Комуналец″-Гевгелија за периодот од 01.01.2021 год. – 31.03.2021 година, донесен под бр.05-785/1 од 10.06.2021 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-803/2 од 16.06.2021 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-1050/1
29.06.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

-------------------------------------

Врз основа на член 26 став (5) и член 86 став (1) од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/2021 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.06.2021 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион бр.07-230/1 од 29.01.2008 година**

**Член 1**

Во член 3, зборовите „ул.„Сандо Масев“ бр.1“ се заменуваат со зборовите „Бул. Маршал Тито бр.1-1“.

**Член 2**

Во член 4 став 1 зборовите „ги врши следниве работи“ се заменуваат со зборовите „спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Југоисточен плански регион и тоа“.

Во член 4 став 1 алинеа 3 на крајот на реченицата се додаваат зборовите „и предлог - проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност“.

Во член 4 став 1 алинеа 4 зборовите „најдоцна до 15-ти декември во тековната година до Бирото за регионален развој“ се заменуваат со зборовите „во законски определениот рок“.

Во член 4 став 1 на почетокот на алинеа 13 се додаваат зборовите „ изготвува, поднесува апликации и“.

Во член 4 став 1 алинеа 15 по зборот „работење“ се додаваат зборовите „чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот“, а зборот „доставува“ се заменува со зборот „поднесува“.

Во член 4 став 1 алинеа 16 зборот „административни“ се заменува со зборовите „административно - технички“.

Во член 4 став 1 по алинеата 16 се додаваат три нови алиеи и тоа:

- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;
- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.

**Член 3**

Во член 5 став 1 зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“, а зборот „конкурс“ се заменува со зборот „оглас“ по кој се додаваат зборовите „во согласност со Законот за рамномерен регионален развој“.

Во член 5 став 2 по зборот „мнозинство“ се додаваат зборовите „гласови од вкупниот број на членови со право на глас“.

**Член 4**

Членот 6 се менува и гласи:

**„Член 6”**

За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на Југоисточниот плански регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот.“

**Член 5**

Членот 7 се менува и гласи:

**„Член 7”**

Директорот на Центарот:

- го претставува и застапува Центарот,
- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот,
- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот и завршните годишни сметки на проектите на Центарот,
- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Југоисточниот плански регион,
- раководи со стручната служба на Центарот,
- ги предлага на Советот за развој на Југоисточниот плански регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион,
- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството од Законот за рамномерен регионален развој, кои се во надлежност на Центарот,
- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион,
- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски органиции кои поддржуваат проекти за развој на Југоисточниот плански регион и на општините што влегуваат во неговиот состав,
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и
- врши други работи утврдени со закон и други работи поврзани со активностите на Центарот.“

**Член 6**

Во член 8 став 1 зборот „администрација“ се заменува со зборовите „стручна служба“, а зборовите „сектори или“ се бришат.

Во член 8 став 2 зборот „администрација“ се заменува со зборовите „стручна служба“ и зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“.

Во член 8 став 3 по зборовите „правата и обврските“ се додава зборот „одговорностите“,зборот „администрација“ се заменува со зборовите „стручна служба“ и зборот „државни“ се заменува со зборот „административни“.

Во член 8 по став 3 се додаваат уште 2 нови ставови:

Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата, а во зависност од бројот на вработени службеници во Центарот и од обемот и сложеноста на работата и времето потребно за извршување на истата.

Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

**Член 7**

Во член 9 став 1 зборот „буџет“ се заменува со зборовите „финансиски план“ и зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“.

Во член 9 став 2 зборот „буџетот“ се заменува со зборовите „финансискиот план“.

Во член 9 став 3 зборот „буџетот“ се заменува со зборовите „финансискиот план“.

Во член 9 став 5 се менува и гласи:

„По истекот на три месеци Советот за развој на Југоисточниот плански регион мора да го усвои Финанскиот план на Центарот.“

**Член 8**

Во член 11 став 3 се менува и гласи:

„Трансферот на средствата ќе се врши два пати годишно, но најдоцна до 15 декември во тековната година.“

**Член 9**

Членот 12 се менува и гласи:

Општините кои влегуваат во состав на Југоисточниот плански регион, кои се крајни корисници на проекти за развој на планските региони, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот, за реализација и имплементација на проектот.

Основни критериуми за висината на средствата за проектите исплатени на општините кон Центрарот од ставот 1 на овој член се:

- видот и сложеноста на проектот и
- висината на проектната вредност на проектот.

Поблиски критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

Средствата од ставот 1 на овој член општините, ги префрлаат на сметка на Центарот, пред започнување на постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот кој Бирото за регионален развој го склучува со Центарот.

Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот 1 на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што Центарот ќе ги наплати договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти.

**Член 10**

Во член 13 став 1 зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“.

**Член 11**

Член 16 се менува и гласи:

„Заради имплементација на член 31 од Законот за рамномерен регионален развој, Министерот за локална самоуправа и директорот на Центарот склучуваат договор за соработка за тековната година, а Градоначаниците на општините од Југоисточниот плански регион и директорот на Центарот склучуваат договор за дополнителни средства за кофинансирање на задачите и активностите за тековната година.

**Член 12**

Оваа Одлука стапува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија", а ќе се применува од денот на нејзиното донесување од страна на сите Совети на општините од Југоисточниот плански регион.

Бр.09-1051/1
29.06.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

# СОДРЖИНА:

## АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**1.Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на О.Гевгелија......................................................................................................417**
**2.Решение за верификација на мандат на нов член на Советот на О.Гевгелија......................................................................................................417**
**3.Одлука за пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година.............................................................................................................418**
**4.Решение за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 година) за сметка 7150108087 903 13......................................................................................419**
**5.Решение за усвојување на измените и дополнувањата на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 год.) за сметка 7150108079 903 10......................................................................................419**
**6.Решение за усвојување на измените и дополнувањата на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"- Миравци по ставки и потставки (блок дотации за периодот јануари-декември 2021 година) за сметка 715010809590316.........................................................................................420**
**7.Одлука за позајмица на средства од Општинскиот буџет за реализација на Проектот: Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси, реф. Бр. AQUA-M II-CN1- SO 2.3 – SC021.........................................421**
**8.Одлука за определување на крајбрежен појас на водоток, река Рауљ, низ блок 10.5 на град Гевгелија, опфатен со Урбанистички план за измена и дополнување на ДУП за дел од блок 10.5 на град Гевгелија........................422**
**9.Одлука за давање на користење и располагање на Градскиот стадион – Фубалското игралиште во Гевгелија на ФК "Кожуф"-Гевгелија................423**
**10.Решение за именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија од редот на членовите на Советот на Општина Гевгелија..........................................................................424**
**11.Предлог-Решение за давање согласност на финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2021г. – 31.03.2021 година.............................................................................................................425**
**12.Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион, бр.07-230/1 од 29.01.2008 година.............................................................................................................425**

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи, ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**